СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# Развој, слобода на уметничкото и културно живеење, достапност, одговорности, јавност и отчетност во работењето во културата и културните установи, како заеднички цели во одбрани држави од регионот

-компаративен преглед-

Александра Стојановска-Бизевска
Советник - истражувач по владеење на правото и демократија

мај 2024 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ........................................................................................................ 2
ВОВЕД........................................................................................................... 3
I. Република Северна Македонија ................................................................ 3
II. Република Србија ..................................................................................... 5
III. Црна Гора ................................................................................................ 7
IV. Република Хрватска ................................................................................ 8
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ....................................................................................... 10

**РЕЗИМЕ**

Со оваа компаративна истражувачка работа која опфаќа **4 држави, и тоа Република Северна Македонија, Република Србија, Црна Гора и Република Хрватска, се анализираат одговорноста, транспарентноста, еднаквоста и финансирањето во процесите на културата.** Три од анализираните држави, Северна Македонија, Србија и Црна Гора, областа од културата ја уредуваат со **Закон за култура**, додека **Хрватска има неколку закони кои уредуваат повеќе различни области од културата**. Во првите три држави, во законите, а Северна Македонија во предлог-законот, експлицитно се наведени целите и начелата на законот, и јасно се наведува дека основни цели и принципи на законот се токму **развојот на културата, еднаквиот пристап кон сите партиципиенти во неа, достапноста до културолошките настани и новитети, како и изворот и начинот на финансирање.** Во Хрватска, постои поинаков законски пристап на уредување кон одделни области од културата. Па така, институциите од областа на културата се уредуваат со посебен закон од останатите процеси во повеќето културолошки области. Со посебен закон се уредени и **советите за култура**, како и финансирањето на јавните потреби во културата. Заедничко за сите држави е тоа што **финансирањето на културата е обезбедено преку буџетите на државите и локалната самоуправа. Долгорочните стратешките активности и цели** во областа на културата, во Македонија и Црна Гора се предвидуваат со Националната стратегија, во Србија со **Стратегија за развој на културата,** додека во Хрватска ја предвидува **Националниот совет за култура**, како највисокото стручно советодавно тело за култура.

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа се основните цели на законите кои се однесуваат на културата во анализираните држави. Анализираните држави, Северна Македонија, Србија, Црна Гора и Хрватска, се обработени преку нивната законска регулатива за областа од културата, односно Македонија, Србија и Црна Гора преку нивите Закони за култура, додека Хрватска културата ја уредува преку неколку воспоставени закони за различни процеси.

Оваа истражувачка работа е изработена по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I. Република Северна Македонија

Во **Предлог-законот за култура** на РСМ, наведени се целите кои ги предвидува законот во областа на културата, културните вредности и културните институции, и тоа се следните:

- **развој** на културата во сите сегменти на уметничкото и културно живеење;
- **слобода** на уметничкото творештвото;
- **еднаква достапност** на граѓаните до културните вредности;
- **законитост, одговорност, јавност и отчетност** во работењето на установите во културата и во користењето на буџетските средства и
- **создавање услови** културата да претставува ресурс за развој на целата општествена заедница.[1]

**Развојот на културата,** предвиден е како обврска на Републиката во членот 8 од Законот („**Културата како универзална вредност“),** со кој се регулирани механизмите за негово спроведување, како и придобивките од културолошкото остварување и втемелување на културните врски со повеќе целни групи.[2] Републиката ја афирмира културата како значаен образовен, социјален, општествен, економски капитал и фактор што овозможува демократизација на јавниот простор. Републиката го поттикнува одржливиот развој на културата како интегрален дел на животната средина и создава услови за работа на субјектите кои ја остваруваат културата со примена на еколошки стандарди и мерки за промовирање на зелена култура. Републиката се грижи за рамномерниот културен развој на целата територија на Републиката.[3] **Слободата на уметничкото творештво**, како начело пропишано во **Основни начела за остварување на културата**, со кое е предвидено правото на слободно творештво. [4] На тој начин се потврдува **целта** на Предлог Законот, а

[1] Предлог-закон за културата,
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453
[2] Член 8 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453
[3] Член 9, став 1, 2 и 3 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453
[4]Член 6, став 1 (Глава втора) од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)

во однос на **слободата на уметничкото творештво**. **Достапноста** регулирана со овој предлог Закон, предвидува дека секој има право на достапност до културата под еднакви услови утврдени со закон.[5] Предвидено е и **дигитално творештво** и достапност на творештвото на новите медиуми.[6] Истовремено е предвидена и достапност на културата до младите и децата, преку нивна активна вклученост и достапност до културните вредности.[7] **Финансирањето на културата** се врши, меѓу другото, со средства и од Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа.[8] Значајна законска одредба од Предлог-законот за култура, е одредбата која пропишува дека вработените во Министерството за култура и во Управата за заштита на културното наследство добиваат **30% од основната плата како надополнување на редовната плата** поради специфични работни задачи и посебната одговорност која произлегува од работното место.[9] Министерството за култура, во согласност со годишниот план, објавува годишен конкурс за учество во финансирање проекти на субјектите кои ја остваруваат културата.[10] Согласно приоритетите од годишниот план, министерот за култура може да склучи и посебен договор/програма за повеќегодишно финансирање на одреден проект или активност на националната установа во согласност со Законот за буџетите.[11] Во делот на **Јавен интерес во културата**, се наведува дека субјектите кои го обезбедуваат остварувањето на јавниот интерес во културата обезбедуваат **слободен пристап до информации за својата работа.[12]** Министерството за култура заинтересираната јавност, писмено и/или со електронска пошта ја поканува да земе учество на јавната расправа за изработката на предлогот на националната стратегија.[13] Во делот на **Установи од областа на културата**, е пропишано дека Националната установа има статут со кој се уредуваат работата и организацијата на установата, како и обезбедувањето **јавност** во нејзината работа, како една од целите на Предлог

https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[5]Член 6, став 3 (Глава втора) од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[6]Член 3, став 12 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[7]Член 8, став 6 од Предлог Предлог-законот на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[8]Член 49, став 1 и 2 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[9]Член 15, став 4 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[10]Член 56, став 1 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[11]Член 53, став 2 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[12]Член 10, став 2 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

[13]Член 12, став 8 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

Законот за култура.[14] Јавноста на работата на националната установа е пропишана со законската одредба, каде се наведува дека националната установа е должна на својата веб страница или на друг соодветен начин да ја објави годишната програма за работа и износот на средствата за работа на установата од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствените приходи.[15] Во однос на **создавање услови** културата да претставува ресурс за развој на целата општествена заедница како цел на Предлог-законот, Министерството за култура обезбедува услови и се грижи за имплементација на националната стратегија.[16] **Остварувањето на јавниот интерес во културата** подразбира меѓу другото, создавање и одржување на инфраструктурни услови за остварување на јавниот интерес во културата, како и создавање услови за поттикнување на развојот и афирмацијата на младите таленти. [17]

## II. Република Србија

**Законот за култура** на Србија, своите цели ги остварува преку повеќе начела на функцинирање, а дел од нив се следниве:

- **слобода**та на изразување во културното и уметничкото творештво;
- **рамноправност** на субјектите во основањето на институции и други правни лица во културата и **рамноправност** во работата на сите институции и други субјекти во културата;
- **отвореност и достапност** на културните содржини;
- **децентрализација** во одлучувањето, **организација и финансирање** на културните активности во согласност со културната политика.
- поттикнување на одржливиот развој на културната средина како составен дел на животната средина;
- користење на информатичко-комуникациската технологија и вмрежување на културните институции и сите субјекти во културата.[18]

**Развојот на културата** е едно од основните начела пропишани со Законот за култура, и за таа цел се изготвува **Стратегија за развој на културата.** Стратегијата за развој на културата на Република Србија ја донесува Владата на предлог на надлежниот министер, и се носи за период од 10 години.[19] **Слободата на културното и уметничкото творештво** се согледува и преку

[14]Член 23, став 1 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453
[15]Член 55, став 1 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453
[16]Член 12, став 16 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453
[17]Член 4, став 4 и 7 од Предлог-законот за култура на РСМ
Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)
https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453
[18]Член 3 од Законот за култура на Србија. Интернетска страница на Министерството за култура на Србија https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)
[19]Член 19 од Законот за култура на Србија
Интернетска страница на Министерството за култура на Србија
https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)

законската одредба од Законот, каде се предвидува и вршење на дејност самостоен уметник. Што значи дека, покрај официјалните установи за култура, право на културно творештво и културна дејност, има и физичко лице – поединец кој создава авторски дела од областа на уметничката дејност или изведува уметнички и авторски дела од областа на уметничката дејност.[20] Исто така Законот предвидува и концепт на независен експерт за култура и концепт на самостоен изведувач на културни програми и самостоен соработник во културата.[21] **Рамноправноста** на субјектите, како едно од основните начела на овој Закон, се согледува преку предвидениот рамномерен регионален развој во Стратегијата преку предвидените приоритети на меѓуресорска соработка (научноистражувачка работа, образование, рамномерен регионален развој, меѓународна соработка, креативна индустрија, културен туризам итн.)[22] **Достапноста** на културните содржини, е предвидена и пропишана во делот за Општ интерес за културата, каде се наложува обезбедување на услови за нивна достапност.[23] **Организацијата** во однос на културните процеси и дејствија се уредува со акт на организација и систематизација на работата на установата, за кој согласност дава Министерството, доколку основач е Републиката.[24] **Одлучувањето и финансирањето** е процес за кој надлежни се Министерството, органот на автономната покраина, односно органот на единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на културата, инстутции кои ги определуваат културните програми, делови од програмата, тековните расходи и расходи на институциите, а кои се се финансираат или кофинансираат од буџетот на Република Србија, автономните покраини, односно единиците на локалната самоуправа. Врз основа на предлогот на годишната програма за работа и предлогот на финансискиот план за наредната година и проекции за следните две години одлучува за висината на вкупните средства за финансирање на работата на институцијата. Министерството, органот на автономната покраина, односно единицата на локалната самоуправа надлежна за работите од областа на културата, склучува годишен договор со установата за финансирање на нејзините активности.[25]

[20]Член 58, став 2 од Законот за култура на Србија
Интернетска страница на Министерството за култура на Србија
https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)
[21]Член 59 и 60 од Законот за култура на Србија
Интернетска страница на Министерството за култура на Србија
https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)
[22]Член 20, од Законот за култура на Србија
Интернетска страница на Министерството за култура на Србија
https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)
[23]Член 6, став 1, точка 14 од Законот за култура на Србија
Интернетска страница на Министерството за култура на Србија
https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)
[24]Член 28 од Законот за култура на Србија
Интернетска страница на Министерството за култура на Србија
https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)
[25]Член 75 од Законот за култура на Србија
Интернетска страница на Министерството за култура на Србија
https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)

## III. Црна Гора

**Законот за култура** на Црна Гора, своите цели ги остварува преку повеќе начела на функцинирање, а дел од нив се следниве:[26]

- **поттикнување и помагање на културниот и уметничкиот развој**, креативноста и заштитата и зачувувањето на културното наследство;
- **слобода на творештвото** и почитување на правото на култура;
- **подеднакво зачувување на сите културни идентитети** и почитување на културната различност;
- **транспарентно** делување во културата;
- демократизација на културната политика и децентрализација на организацијата и **финансирањето на културата**.

**Развојот на културата** се спроведува преку утврдени цели и програми во Националната програма за развој на културата.[27] Националната програма ја донесува Владата на Црна Гора, на предлог на органот на државната управа. надлежен за работите од областа на културата (Министерството). [28] Развојот на културата е поттикнат со кофинансирање на програми и проекти од значење за остварување на јавниот интерес во културата, со средства од буџетот на Црна Гора и од буџетот на општината.[29] Законот пропишува и посебни форми за развој на културата, и тоа преку откуп на книги, на ликовни дела и музејски предмети, обезбедување на работен и станбен простор, обезбедување на услови за работа на репрезентативни стручни здруженија, надомест на трошоците на уметниците, развој на креативна индустрија, зачувување на традиционалните занаети и вештини, развивање на некомерцијалната аматерска култура и преку културни манифестации и фестивали од посебно значење.[30] **Слободата на креативност** се изразува преку пропишаните останати форми на развој на културата, каде се пропишува дека државата и општината го поттикнуваат и поддржуваат развојот на креативните индустрии кои вклучуваат производство на културни производи и услуги од областа на интелектуалната сопственост.[31] **Еднаквоста на зачувување на сите културни идентитети** се применува преку одредбата за рамномерен развој на културата на цела територија, заштита и зачувување на материјалното и нематеријалното културно наследство, зачувување на културата и надвор од границите на државата, како и создавање услови за развивање на сите области од културата.[32] **Јавноста и транспарентноста** во

---

[26]Член 3 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура)
https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[27]Член 6 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура)
https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[28]Член 8 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура)
https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[29]Член 68 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура)
https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[30]Член 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90 и 91 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура)
https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[31]Член 88 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура)
https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[32]Член 5 од Законот за култура на Црна Гора

функционирањето на дејностите од културата, нивната работа и останатите процедури значајни за нивната работа се пропишува во статутите на установите од областа на културата.[33] **Финансирањето на културата** е предвидено во Националната програма, како стратешки документ со кој се утврдуваат долгорочните цели и приоритети за развојот на културата.[34] Националната програма ја носи Владата на државата, а на предлог на државен орган надлежен за областа на културата, односно Министерство.[35] Развојот на културата е поттикнат со кофинансирање на програми и проекти од значење за остварување на јавниот интерес во културата со средства од буџетот на Црна Гора и од буџетот на општината. Министерството и надлежниот орган на општината го пропишуваат видот на проектите од одредени области на културата што ќе се реализираат со кофинансирање. Средствата од буџетот на Црна Гора, односно од буџетот на општината, можат да го кофинансираат проектот до 50% од вкупниот износ на средства потребни за негова реализација. По исклучок, Министерството, односно надлежниот орган на општината, може да проектира што е од исклучителна важност за Црна Гора, односно кофинансирање на општината во износ поголем од 50% од вкупните средства потребни за негова реализација.[36]

## IV. Република Хрватска

Во Република Хрватска областа од културата и културните установи, се регулира со закони од три области, и тоа од областите на:

- одлучување во културата;
- установи на културата;
- финансирање на културата.[37]

Првата и третата област се уредуваат со Законот за совети на културата и финансирање на јавните потреби во културата.

Втората област се уредува со Законот за установите.[38] Со Законот за совети за културата и финансирање на јавните потреби во културата, се врши одредување на јавни потреби во културата, и тоа на следниве процеси:

Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура) https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[33] Член 18 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура) https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[34] Член 7 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура) https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[35] Член 8 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура) https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[36] Член 68 и 69 од Законот за култура на Црна Гора
Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура) https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

[37] Интернетска страница на Министерството за култура и медиуми на Хрватска https://min-kulture.gov.hr/propisi-543/propisi-u-kulturi-i-opci-propisi/16230

[38] Интернетска страница на Министерството за култура и медиуми на Хрватска https://min-kulture.gov.hr/propisi-543/propisi-u-kulturi-i-opci-propisi/16230

- активности; програми и проекти; активности и манифестации во културата од интерес на Република Хрватска и единиците на локалната и регионалната самоуправа;

- давател на финансиски средства;

- корисник на финансиски средства;

- културни совети;

- културни установи.[39]

Законот го уредува прашањето во однос на **развојот на културата**, преку надлежноста на **Советите за култура**. Развој и унапредување на културата се врши преку следење и континуирано следење на состојбите во одредени области на уметничкото и културното творештво, од страна на Советите, кои даваат предлози за поттикнување на развојот и предлагаат цели и мерки на културната политика за нивно спроведување, стручна подготовка и мислења и вршат други работи во согласност со овој закон.[40] Националниот совет за култура е највисокото стручно советодавно тело кое му обезбедува стручна помош на министерот надлежен за култура во подготовката и следењето на среднорочните и долгорочните акти за стратешко планирање.[41] Преку утврдувањето на јавните потреби во културата, а кои се однесуваат на културни установи, уметнички организации, уметници, здруженија, други физички и правни лица и единици на локална и регионална самоуправа, а кои се однесуваат на повеќе културни области и активности, наведени во членот од Законот, се согледува **пристапот на еднаквост**, како и опфатеноста на различни културни правци. **Финансирањето** на јавните потреби во културата, се обезбедува преку државниот буџет.[42] Финансирањето се одредува врз основа на предлог на Советот или на комисиите, кои имаат советодавен карактер, врз основа на што се донесува одлука за распределба на финансиските средства.[43]

Изработила: Александра Стојановска-Бизевска
Контролирал: Илија Милчевски
Одобрила/Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарен институт

----------------------------------------------------------

Златко Атанасов

[39]Член 2 од Законот за културни совети и финансирање на јавните потреби во културата на Хрватска https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2022_07_83_1245.html

[40]Член 15 од Законот за културни совети и финансирање на јавните потреби во културата на Хрватска https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2022_07_83_1245.html

[41]Член 26, став 1 од Законот за културни совети и финансирање на јавните потреби во културата на Хрватска https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2022_07_83_1245.html

[42]Член 4, став 1 и став 3 од Законот за културни совети и финансирање на јавните потреби во културата на Хрватска https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2022_07_83_1245.html

[43] Член 27 од Законот за културни совети и финансирање на јавните потреби во културата на Хрватска https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2022_07_83_1245.html

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Интернетска страница на Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР)

Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ener.gov.mk)

2. Предлог-закон за култура на РСМ

Единствен национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР) https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79453

3. Интернетска страница на Министерството за култура на Србија

https://www.kultura.gov.rs/tekst/43/zakoni-i-uredbe.php (Закон за култура)

4. Интернетска страница на Владата на Црна Гора (Закон за култура)

https://www.gov.me/dokumenta/a68a12da-1e34-4cf3-9aab-5a8d1f04b19f

5. Интернетска страница на Министерството за култура и медиуми на Хрватска

https://min-kulture.gov.hr/propisi-543/propisi-u-kulturi-i-opci-propisi/16230

6. Законот за културни совети и финансирање на јавните потреби во културата

https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2022_07_83_1245.html


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384